**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА ВЕЛЕС
бр: 08-41/11
17.04.2025 год.

Врз основа на член 123, став 1 и член 126, став 1 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22, 171/22 и 03/25), Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по постапувајќи по барање на Друштво за трговија, транспорт и услуги "МИСА-МГ ТРАНСПОРТ" ДОО Скопје со седиште: "Павел Шатев" бр.3-лам.3/лок.10 Скопје-Кисела Вода, Кисела Вода за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, заверено со бр. 23-5141/1 од 24.12.2024 год., а по спроведена постапка за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, донесува:

## РЕШЕНИЕ
***за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола***

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на Друштво за трговија, транспорт и услуги "МИСА-МГ ТРАНСПОРТ" ДОО Скопје со седиште: "Павел Шатев" бр.3-лам.3/лок.10 Скопје-Кисела Вода, Кисела Вода, за инсталација за производство на бетон (стационарна бетонска база) со вкупен капацитет на силосите за бетон од 60 м$^3$ (поголеми од 50м$^3$) и годишно производство на готов бетон околу 3.000 м$^3$ лоцирана на КП 10455 КО Велес, општина Велес.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Операторот на инсталацијата Друштво за трговија, транспорт и услуги "МИСА-МГ ТРАНСПОРТ" ДОО Скопје, при користење и управување со инсталацијата да ги почитува сите услови и мерки утврдени во Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр. 08-41/10 од 17.04.2025 год.

3. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот-оператор на инсталацијата Друштво за трговија, транспорт и услуги "МИСА-МГ ТРАНСПОРТ" ДОО Скопје со седиште на ул. "Павел Шатев" бр.3-лам.3/лок.10 Скопје-Кисела Вода, Кисела Вода, до Градоначалникот на Општина Велес поднесе Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола за инсталација за производство на бетон (стационарна бетонска база) со вкупен капацитет на силосите за бетон поголеми од 50м$^3$, лоцирана на КП 10455 КО Велес , општина Велес.Барањето за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола е заверено со бр. 23-5141/1 од 24.12.2024 год.

Врз основа на доставеното барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, претставник на Надлежен орган Општина Велес, изврши увид на локацијата на која се наоѓа инсталацијата за производство на бетон на Друштво за трговија, транспорт и услуги "МИСА-МГ ТРАНСПОРТ" ДОО Скопје заради утврдување на фактичката состојба на локацијата и инсталацијата и проверка на податоците содржани во барањето за добивање на Б-Интегрираната еколошка дозвола.

Од извршениот увид на локацијата и инсталацијата е изготвен Записник бр.23-41/3 од 03.02.2025 год.

По детално разгледување на предметното барање и врз основа на заверениот Записник изготвен е Заклучок за измена и дополнување на Барањето за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.08-41/4 од 05.02.2025 год.

На 19.02.2025 год. до Општина Велес е доставено комплетно Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола заверено со бр. 23-41/5 од 19.02.2025 год., и истото е објавено на веб страната на општина Велес и во дневен печат.

Во текот на спроведувањето на постапката за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола дадено е право на засегнатата јавност, како и на Операторот да се произнесе за условите и мерките од Нацрт Б-Интегрираната еколошка дозвола.

Бидејќи Операторот ги исполува условите за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, а по претходно спроведената постапка за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, утврдена во член 126 и член 127 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22, 171/22 и 03/25), Градоначалникот на Општина Велес одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение Операторот на инсталацијата и засегнатите правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина може да поднесат жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

***Доставено до:***

- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изготвил: Даниела Петковска
Одобрил: Петре Цилаков